# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**25.08.2008**<br>**БРОЈ 6 ГОДИНА 43** | |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ДЕКЛАРАЦИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Декларацијата , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 21.08.2008 година

**Број 08-1886/3**
**21.08.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Поаѓајќи од интересот на граѓаните на општина Охрид во сферата на заштитата на животната средина и посебно заштитата на Охридското Езеро, како природно наследство под заштита на УНЕСКО, а имајќи ја предвид позитивната законска регулатива Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 21.08.2008 година ја донесе следната:

## Д Е К Л А Р А Ц И Ј А

1.Советот на општина Охрид свесен за актуелните состојби и еколошки проблеми во сферата на заштитата и унапредувањето на животната средина и посебно на заштитата на Охридското Езеро ја изразува својата загриженост од последиците врз развојот на општината Охрид предизвикани од постојните состојби:

-повеќегодишното ниско ниво на водостојот на Охридското Езеро на минималното дозволено работно ниво регулирано од страна на надлежниот државен орган;

-штетното влијание на непосредната близина на регионалниот пат Охрид – Св.Наум и сообраќајот до крајбрежјето на Охридското Езеро, на источниот дел од брегот;

-наглото зголемување на бројот на пловните објекти со погон на нафтени деривати во Езерото и безредието во регулирањето на водниот сообраќај;

-континуираното загадување на Езерото од реките и каналите во сливното подрачје на Езерото;

-загрозувањето на еко-системот со уништување на трската и другата крајбрежна флора со узурпација на крајбрежјето и депонирање цврст комунален и друг отпад и градежен шут, како и негативното влијание врз туристичките капацитети од неконтролираното ширење на трската;

-лошата градежна и функционална состојба на пристаништата и каналот Студенчишта;

-безредието и неуреденоста на туристичкиот комплекс Св.Наум;

-нарушување на автентичноста на бреговиот појас и литоралот со изградба на објекти без одобрение за градба пред концесионерите, хотелиерите и авто-камповите;

-загадување на Охридското Езеро на делот од Лагадин до Пештани, Трпејца, Љубаништа и Св.Наум од отпадни и фекални води.

2.Заради ваквите состојби во областа на заштитата на Охридското Езеро, Советот на општина Охрид бара од надлежните органи:

-строго контролирано користење на водите на Охридското Езеро;

-соодветна државна контрибуција на средства од користењето на водите од Охридското Езеро за производство на електрична енергија до општина Охрид;

-субвенција кон Општина Охрид од страна на државата во санирање на штетни последици врз развојот на туризмот од користењето на водите од Езерото;

-Владата на РМ да изнајде финансиски средства за дислокација на регионалниот пат Охрид – Св.Наум;

-надлежните државни органи да преземат конкретни мерки за средување на безредието во водниот сообраќај во Охридското Езеро;

-надлежните државни институции да преземат соодветни мерки за отстранување на штетните влијанија од коритата на реките и суводолиците надвор од урбаните подрачја кои носат транзитни количини во Езерото;

-овластените органи во рамките на своите надлежности да преземат мерки за спречување на појавата на узурпација и загадување на крајбрежјето од цврст комунален и друг отпад и градежен шут, како и контролирано ширење на флората на литоралот;

-Владата на РМ и надлежните министерства да преземат соодветни мерки за санација на постојните пристаништа за нормално функционирање на истите, како и изградба на нови пристаништа и марина согласно важечката урбанистичка регулатива;

-надлежните државни институции да преземат конкретни мерки за состојбата во туристичкиот комплекс Св.Наум, со цел да биде на нивото кое го заслужува овој простор;

-преземање соодветни активности од страна на надлежните органи за средување на состојбата со изградба на објекти без соодветно одобрение пред концесионерите на плажите, хотелиерите и авто-камповите;

-Владата на РМ во согласност со позитивните законски прописи да учествува во финансирањето на изградбата на системот за заштита на Охридското Езеро на потегот од Лагадин до Пештани, како и Трпејца, Љубаништа и Св.Наум.

3.Оваа Декларација ќе биде објавена во „Сл.гласник на општина Охрид“",а ќе се достави до Претседателот на РМ, Претседателот на Владата на РМ, Собранието на РМ, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Број 07-1886/3**
**21.08.2008 год.**
**Охрид**

**Совет на општина Охрид**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**1. ДЕКЛАРАЦИЈА ………………………………………………………………… 2**